Бр./Nr. 09-3499/3
07-09-2021 г./v.

Врз основа на член 22 став 7 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Северна Македонија" број 12/2019) и член 40 став 3 од Деловникот за работа, Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК) на продолжение на 51-та седница, одржана на ден 01 септември 2021 година, донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 09 –2818/1 од 23.05.2019 година СЕ ЗАПИРА.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема законски можности за преземање мерки за натамошно постапување по предметот број 09 –2818/1 од 23.05.2019 година.

Предметот со број 09 –2818/1 од 23.05.2019 година, да се затвори и да се архивира.

Образложение

Предметот со број 09 –2818/1 од 23.05.2019 година е оформен врз основа на анонимна пријава со наводи за корупција при спроведување на тендери во ---------. Понатаму има наводи дека член на совет во Општина ------, лицето ---------- е вработена во --------со средно музичко образование.

За првиот дел од пријавата, односно за наводите за корупција при спроведување на тендери во --------, Државната комисија постапува во Секторот за спречување на корупција.

Заради утврдување на наводите од пријава кои се однесуваат на член на совет во Општина ----------, лицето ---------------, Државната комисија ја побара од ------------- целокупната постапка за вработување на лицето ---------- во --------.

Од доставената документација се констатира дека лицето ------------ континуирано е ангажирана во --------- преку Агенции за привремено вработување во период од 01.06.2018 година до 31.12.2020 година. Лицето е ангажирано за извршување на работни задачи од работно место Самостоен даночен референт од ----------, регионална дирекција ---------. За конкретното работно место се бара работникот да има завршено вишо/средно образование.

Поради фактот што ангажирањето на -----------, член на Совет на Општина ------------ во --------- е спроведена согласно Законот за агенциите за привремени вработувања, постојат основи за сомневање за влијание при ангажирање на споменатото лице, но поради начинот на кој се спроведува таа постапка, без јавен оглас, без можност за конкуренција Државната

комисија не е во можност да го утврди потенцијалното влијание и нема законски можности за натамошно постапување и преземање мерки кон наведеното лице.

Ваквиот принцип на избор на лица кои ќе бидат ангажирани во УЈП преку агенции за привремени вработувања, создава простор за влијание при вработување, состојба на непотизам, клиентелизам и кронизам, ги нарушува основните уставни права на граѓаните.

Врз основа на се, погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
Претседател,
Билјана Ивановска

По заклучок од седница на ДКСК,
Изработил: С.М, виш соработник
Одобрил: Г.Т, Член на ДКСК